| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани на проектен опфат на КП 2858 и други КО Дабиле со инсталирана моќност до 8 MW** |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | ДПТУИ ИДЕА – КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ СТРУМИЦА |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Совет на Општина Струмица |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Лилјана Ивановска д.и.а |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | 034/552-002<br>lileivan@t.mk |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Закон за просторно и урбанистичко планирање- пречистен текст (Сл.весник на РМ 60/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл.весник на РМ, бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М, бр. 142/10, 64/11 I 98/11) и Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Р Македонија со тех.бр.13711, согласно кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.15-6673/4 од 16-09-2011 година.<br><br>Согласно член 28 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20), урбанистички план вон опфат се изработува врз основа на планска програма со која се утврдува границата и содржината на планскиот опфат и истата се состои од текстуален и графички дел.<br><br>**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани на проектен опфат на КП 2868 и други КО Дабиле** треба да се изработи во сè според Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да, просторно и урбанистичко планирање |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да Не**☒ | **Член:** 65 | **Точка:** 2 | **Алинеја:** / |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Да . Во случајот станува збор за проект за изградба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 7850,18 KW. Фотонапонската централа се состои од фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште , кои ќе се поставаат на типизирани алуминиумски профили , а тие ќе се поставаат на „ С „ профили специјално наменети за поставување на земја , кои се поставуваат на длабочина до 1,25 м со специјална машина за набивање со хидрауличен чекан. За поврзување се изведуваат ровови за полагање на напојни енергетски кабли и оптички кабел за мониторинг на фотонапонската централа . Соларната фотоволтаична електрана ќе се приклучи во дистрибутивниот систем на ЕВН . |

| |
|---|
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Да , со површина од 82048,25 $м^2$ |
| **Да се наведе целта на донесувањe на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Урбанистичкиот план ги зацртува основните правци на просторниот развиток на општината, согласно **Законот за просторно и урбанистичко планирање**, со цел да се постигне оптимална просторна организираност и функционална опременост на просторот за одреден временски период.<br><br>Овој УП се донесува со цел на предвидената локација да се изградат објекти со намена **Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија .**<br><br>Би требало да има и економски ефекти манифестирани врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.<br><br>Со УП – от се предвидува класа на намена на Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија . Според тоа , предметниот УП , Општина Струмица претставува плански документ за кој **не е** потребно да се спроведе постапка за Стратегиска оцена на животната средина и да се изготви соодветен Извештај. |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Просторно и урбанистичко планирање |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Пет години |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| По истекот на пропишаниот плански период |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |




Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, Општина Струмица е оформен како една градежна парцела со основна намена - Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија . Границите на проектниот опфат е границата на градежната парцела и се дадени во графичкиот прилог кој е составен дел на Урбанистичкиот проект.

Проектниот опфат за изработка на Урбанистичкиот проект ги опфаќа: КП 2790; КП 2791; КП 2792; КП 2795; КП 2798; КП 2799; КП 2800; КП 2801; КП 2802; КП 2803; КП 2804; КП 2805; КП 2806; КП 2807; КП 2808; КП 2809; КП 2810; КП 2811; КП 2812; КП 2813; КП 2814; КП 2815; КП 2816; КП 2817; КП 2820; дел од КП 2834; КП 2839; КП 2844; КП 2845; КП 2846; КП 2848; КП 2849; КП 2850; КП 2851; КП 2852; КП 2853; КП 2854; КП 2855; КП 2856/1;КП 2856/2; КП 2857: КП 2858; КП 2872; КП 2915; КП 2916; дел од КП 3278 и дел од КП 3304 КО ДАБИЉЕ

Границите на проектниот опфат е границата на градежна та парцела и се дадени во графичкиот прилог кој е составен дел на Урбанистичкиот проект.

Теренот во проектниот опфат е со пад со висински коти прикажани со детални точки од ажурираната подлога и се движат од 218мнв до 219мнв .

Пристапот до проектниот опфат е преку КП 3278 КО ДАБИЉЕ -запишана како јавен пат и на која има изведен пристапен земјан пат.

Просторот во рамките на проектниот опфат е урбанистички дефиниран со одобрената Проектна програма и издадените Услови за планирање на просторот тех.број Y16122 од април 2022год., и Решение за Услови за планирање на просторот арх.број УП1-15838/2022од 05.05.2022

Во непосредната околина (во радиус од 100 м), - по југозападната граница на проектниот опфат е границата на АУП за пречистителна станица со комунална супраструктура КО ДДАБИЉЕ,Струмица согласно Потврда за заверка бр.20-575/2 од 16.04.2018год.,кој представува разработка на УДНМ за с.Дабиље Одлука бр. 07-529/1 од 06.06.2003год и Одлука за преименување бр. 07-774/1 од 31.01.2013год и непосредно Проект за ифраструктура КО Дабиље и КО Градско Балдовци,Струмица согласно Потврда за заверка бр.20-1894/5 од 06.12.2016год

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 82048,25 $м^2$.

| |
|---|
| |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). | |
|---|---|
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Со реализација на планскиот документ се предвидува изградба на објект на земјиште на кое е предвидена класа на намена - Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија , што како активност нема значително влијание врз животната средина. Во периодот на изградба , земјаните активности ќе бидат главен извор на негативно влијание врз животната средина . Времените објекти кои ќе бидат поставени , бучавата во текот на изградбата и отпадот исто така негативно ќе влијаат врз животната средина.<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој УП, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Изградбата на планираните објекти во рамките на планскиот опфат се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, и во крајна мера обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.<br><br>Меѓутоа, веројатноста дека усвојувањето на УП-от ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти.<br><br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. |

| | |
|---|---|
| | Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектите се проценуваат како не многу значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираните објекти долгорочно ќе опстојуваат на оваа локација. Во фазата на експлоатација на објектите се очекува фрекфенција на возила, со што се очекува зголемување на количината на издувани гасови во воздухот, зголемено ниво на бучава, а на самата локација и зголемена продукција на различни видови на отпад. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Изградбата на предвидените содржини на предметната локација ќе има кумулативно влијание врз животната средина, кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух, поради зголемената фреквенција на возила, како и во зголемувањето на количеството на создаден отпад(комунален), во фазата на градба на предвидениот објект.<br><br>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Опфатот на планскиот документ е една градежна парцела, со површина од 82048,25 м², која се наоѓа вон населено место во општина Струмица. Во непосредна близина на парцелата поминува постоечки локален пат. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |
| Позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината , зголемено искористување на обновливите извори на енергија , помал увоз на електрична енергија , отварање на нови работни места , зголемување на стапката на економски раст , стимулирање на развојот на останатите дејности , проектирањето , комуналните дејности , градежништвото , трговијата , начинот на живеење и сл. , зголемување на приходите на локалната самоуправа , подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.<br>Обемот, динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија на дел од локалитетот кој е предмет на изработка на УП вон урбан опфат, ги опфаќа сите трошкови за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето, изградба на објектите, надворешните инсталации и партерното уредување.<br>Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.<br>Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од реалната состојба на објектите на теренот, планските одредби од Простронииот План изработен претходно споредени со планските решенија кои ги нуди предметниот план. |
| |

| | |
|---|---|
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Предметната локација се наоѓа вон урбан опфат со намена за изградба на Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија. При изработката на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасната контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На предметната локација не е евидентирано културно наследство. Со изградба на предвидените содржини ќе се постигне подобра пејзажна и функционална компонираност со околината. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Изградбата на фотонапонска соларна централа ќе биде во функција на развој и унапредување на економијата во ова подрачје . Фотонапонската соларна централа е планирана така да нема конфликт со комуналната инфраструкура . Земјиштето на кое ќе се гради централата претставува градежно земјиште вон урбан опфат . |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема . Теренот во проектниот опфат е со пад со висински коти прикажани со детални точки од ажурираната подлога и се движат од 218мнв до 219мнв .<br>Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните природни услови и предвидените градби во функционална целина со естетска препознатливост . |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** | |
| Со УП се предвидува класа на намена на земјиштето - Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија , а освен основната, не се предвидуваат компатибилни класи на намена.<br>Со планскиот документ се предвидуваат изградба на објекти за кои не е предвидено спроведување на постапка за ОВЖС(EIA)-оцена на влијанието врз животната средина.<br>Големината на градежната парцела е 82048,25 м². | |
| | |

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одрживиот развој(да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одрживоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Донесувањето на овој УП ќе има влијанија кои се огледаат во следните области од животната средина:

- воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот, пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметната локација(во текот на изградба на предвидените објекти). Сепак се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот.
- површински и подземни води- со реализација на овој УП не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води. Тоа подразбира детална идентификација на овие извори при имплементација на овој УП со цел преземање на соодветни мерки за спречување и елиминирање на негативните влијанија врз подземните и површинските води.
- бучава- во фазата на реализација на проектот се очекува зголемено ниво на бучава на предметната локација. Имајќи предвид дека локацијата за која се работи овој УП се наоѓа покрај постоечки пат, не се очекува значајно негативно влијание врз животната средина.
- отпад- во фазата на реализација и експлатација на содржините предвидени во рамките на предметната локација се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад. Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина (почва, подземни води, воздух итн.).
- флора и фауна- реализацијата на објектите предвидени во планскиот опфат ќе доведе до деградирање на живеалиштата на одредени видови фауна, и прекинување на ареалите на движење, се очекува раселување на дел од животинскиот свет. Посебно заради фактот дека птиците се осетливи на човековото присуство, се очекува предвидените објекти, врз нив да има најголемо влијание. Динамиката на ваквите влијанија ќе завист од динамиката на реализацијата.

Негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни.

Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови .

Проектите базирани на обновливи извори на енергија , покрај соодветните смалувања на емисиите на стакленички гасови можат да се поврзат и други придобивки кои се во насока на одржлив развој Како такви , овие проекти можат да се квалификуваат преку механизмот за чист развој со што се подобрува економијата на проектот , а со тоа се зголемува интересот , пред се , на странски инвеститори . Значи , планскиот документ има позитивно влијание кон одрживоста и намалување на еколошките проблеми .

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:
- зголемување на нивото на загадување на воздухот (предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата на објектите);
- зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација);
- зголемување на количината на продуциран отпад (како во фаза на реализација, така и во фаза на експлатација на објектите предвидени во планскиот опфат);

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Предметниот УП со тех.бр. 03-151/2022 е базиран директно на условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија.
Исто така, изработката на овој УП има допирни точки со:
-
- Просторен план на РМ;
- Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.
- Стратешки план за економски развој на Струмички микро регион;
- Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за Општина Струмица 2016 година;
- Платформа за развој на Општина Струмица 2007- 2015 година;
- Програма за енергетска ефикасност на Општина Струмица 2009-2013 година.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи.

| | |
|---|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Пред изградба на поединечните проекти/ објекти, кои влегуваат во состав на УП – от ќе се оцени потребата од изработка на Студија за оцена на влијание на објектите врз животната средина/ Елаборат за заштита на животната средина. | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **ГРАДОНАЧАЛНИК<br>НА ОПШТИНА СТРУМИЦА<br>Костадин Костадинов** |
| **Датум:** 07.06.2022 година<br>**Место:** Струмица | **М.П.** |